Неговиот морал беше Куранот.“, одговори таа

Кога Сад бин Хишам бин Амир дошол кај Аиша, радијаллаху анха, ѝ рекол: „,Мајко на правоверниците, кажи ми нешто за моралот на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам.‘, Таа рече: ,Зарем не го читаш Куранот?‘ „Го читам.‘, одговори тој ,Неговиот морал беше Куранот.“, одговори таа.

[صحيح] [رواه مسلم في جملة حديثٍ طويلٍ]

Аиша, радијаллаху анха, мајката на правоверните, беше прашана за моралот на Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, а таа даде сеопфатен одговор. Го упати тој што прашува на Чесниот Куран, кој ги опфаќа сите морални особини, и кажа дека моралот на Аллаховиот Пратеник е произлезен од Куранот. Она што го заповеда Куранот, Пратеникот постапува според тоа, она што го забранува Куранот, тој го избегнува. Затоа, неговиот морал беше делување според зборовите на Куранот и застануваше кај границите кои беа во него поставени. Манирите му се базираа врз тие во Куранот, од таму ги црпеше поуките и ги извлекуваше примерите.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/8265